## ИЗВЕШТАЈ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИНТЕРНЕШНЕЛ ХОТЕЛС АД Скопје ВО 2022 ГОДИНА

**Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје е компанија која го започна своето работење пред 28 години. Главната дејност на компанијата е менаџирање на Хотели и слични објекти за сместување. Компанијата го раководи најголемиот хотел во Скопје, Хотелот Континентал. Хотелот располага со 203 соби, од кои 6 се луксузни апартмани, сите соби се опремени со централна климатизација, телефонски линии, сеф, интернет пристап и мини барови. Хотелот располага со три ресторани, две летни градини, бар, конференциски сали, фитнес центар и бизнис клуб. Компанијата во 2022 година имаше просечно 30 вработен.**

Резултатот на Интернешнел Хотелс А.Д. Скопје во 2022 година соодветствува на тешката глобална состојба поврзана со економијата, високите цени на енергенсите и намалени патување поради воени и политички конфилкти во Европа. Слободно можеме да кажеме дека 2022 година беше година на предизвици во туризмот каде што конечно почнувавме да функционираме со новата реалност која беше предизвикана од Ковид-19. Голем притисок ни беше и зголемувањето на цените на основните но и останатите продукти кои ни се основен ресурс за функционирање. Одливот на работниците исто така многу влијае на квалитетот и можноста за работење, се потешко е да се најде соодветен кадар.

Менаџментот макотрпно се трудеше да ги ублажи горенаведените последиците, максимално се трудеше да ги сведе на минимум трошоците, но и да овозможи тековно работење на Хотелот во тие околности, се со цел Хотелот да оствари приходи во овој тежок период но и да не генерира дополнителни и непотребни трошоци.

**-Приходи**

Интернешнел Хотелс А.Д. во 2022 година оствари вкупни приходи од продажба на износ 82.048.941,00 денари истите се зголемени во однос на 2021 година.

- Приходите од ноќевање изнесуваат 41.341.333,00 денари и претставува 50,38% од вкупните приходи, при што се остварени 30.938 ноќевања.

- Приходите од храна изнесуваат 31.390.318,00 денари и претставуваат 38,26% од вкупните приходи.

- Приходот од пијалок изнесуваат 3.341.158,00 денари, се зголемни споредбено со претходната година .

- Приходите од останато (изнајмување на сала, озвучување, симултан превод, цветни аранжмани) изнесуваат 5.975.132,00 денари,

- Останати приходи изнесуваат 2.487.418,00 денари, истите се остварени од позитивни курсни разлики, наплата на штета,приходи од отпишани обврски и одобрена финаскиска подршка за намалување на последиците од

COVID -19.

**- Трошоци**

- Вкупните оперативни трошоци за 2021 изнесуваат 78.090.606,00 ден.

- Трошоците за храна се 9.018.080,00 денаи и учествуваат со 28,72% во приходите од храна..

- Трошоците за пијалок се 1.054.604,00 денари учествуваат 31,56% во приходите од пијалок.

- Трошоците за електрична енергија и нафта изнесуваат 21.893.848,00 денари, зголемувањето е повеќекратно, а се должи поради зголемувањето на цените на енергенските на светскиот пазар.

- Трошоците за вработените изнесуваат 18.871.395,00 денари.

- Останати трошоци од работењето изнесуваат 27.252.697,00 денари.

- Трошоци за амортизација 9.762.094,00 денари

- Расходи по основ на отпис на ненаплатени побарувања 7.127.227 денари

- Расходи по основ на отпис на ситене инветер 3.753.602,00 денари

Трошоци и приходи кои независат од работењето, а се финансиско оптеретување за компанијата.

- Трошоци за осигурување 1.543.871,00 денари.

- Трошоци за камати по долгорочен кредит кои изнесуваат 2.657.116,00 денари.

Финансискиот резултат после овие трошоци а пред камата и амортизација изнесува 4.913.892,00 денари

Остварен е негативен финасиски резуртат по пресметана камата и амортизација и изнесува 18.398.157,00 денари.

Л’Емир Хабиб Зогби

Извршен директор

--------------------------